АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
05 Бр. 3109/23
31-10-2018 201 год.
СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 162 и член 169 став 1 алинеја 4 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.136/07,130/08 97/10 ,53/11,185/11 15/13 ,148/13, 28/14, 43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15,120/16 и 165/17) 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр. 05-3109/13 од 18.10.2018 г., Извештај за текот на е-аукцијата за сервисирање на возила и одржување хигиена на возила бр.05-3109/19 од 25.10.2018 г., Извештај од спроведена постапка бр.05-3109/20 од 25.10.2018 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**10/2018** , Директорот на Друштвото донесе :

**Член 1**

**О Д Л У К А**
**за избор на најповолна понуда за**
**Дел 3 од постапката по оглас бр.10/2018 за Сервисирање на возила и одржување хигиена на возила**

На основ на Записник од отворање на понуди бр.05-3109/13 од 18.10.2018 г. , Извештај за текот на е-аукцијата за сервисирање на возила и одржување хигиена на возила бр.05-3109/19 од 25.10.2018 г., Извештај од спроведена постапка бр.05-3109/20 од 25.10.2018 г. од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-3109/3 од 06.09.2018г. со примена на постапка со Барање за прибирање понуди со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, бр.**10/2018** Договорот за Одржување хигиена на возила се доделува на:

**За ДЕЛ 3 – Одржување хигиена на возила**

**„ ЦИЛАЗ " ЛАЗЕ ДООЕЛ**
**Ул. ,,Митрополит Теодосиј Гологанов,, бр.132 - Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 3 (три) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки согласно член 167 и 168 од ЗЈН во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолната понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за економско финансиски работи и информатика за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

**Член 2**

**СЕ ПОНИШТУВА дел 1 и дел 2** од постапката за доделување на договор за јавна набавка со примена на постапка со барање за прибирање на понуди со електронска аукција за Сервисирање на возила и одржување хигиена на возила , согласно член 169 став 1 алинеја 4 од ЗЈН (се поднесени прифатливи понуди кои не можат да се споредат поради различниот пристап во техничките или финансиските понуди

Се задолжува Комисија за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесување на одлуката писмено да ги извести сите учесници во постапката за поништување на деловите од постапка за доделување на договор за јавна набавка согласно член 170 од Законот за јавни набавки и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето

Оваа одлука стапува во сила од денот на нејзиното донесување.

**Образложение:**

Врз основа на спроведената евалуација на првично поднесените понуди од страна на Комисијата за јавни набавки даден е предлог за поништување на дел 1 и дел 2 од постапката за Сервисирање на возила и одржување хигиена на возила,при што е констатирано дека евалуираните понуди за дел 1 и дел 2 од предметната набавка не можат да се споредат поради различен пристап во техничките или финансиските понуди.

Врз основа на погоренаведеното се одлучи согласно член 169 став 1 алинеја 4 од Законот за јавни набавки.

**Правна заштита**

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до**:

- Сектор за економско финансиски работи и информатика
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива

изготвил: Јанко Михајловски 25.10.2018

контролирал: Анета Тодоровска

Светлана Сотировска